Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

03.08. 2023

АРХИВСКИ БРОЈ: **40 - 7351 /2**

ДО: **БИРО ЗА УРБАНИЗАМ ДООЕЛ**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето **Барање на податоци и информации од 07.2023 година**, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), за изработка **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од КП 11/9, дел од КП 11/17 и дел од КП 11/26, м.в. Големо Брдо, КО Арматуш, Општина Новаци**, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува со следното:

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

Предметното земјиште на КП 11/9 и КП 11/17, викано место Големо Брдо, катастарска култура пасиште, катастарска класа 4 со Имотен лист бр.19171 за КО Арматуш се во приватна сопственост.

Во Г9.з Други факти има прибележување СЛУЖБЕНОСТ на дел од КП 11/9

Предметното земјиште на КП 11/26, викано место Големо Брдо, катастарска култура гнз, катастарска класа / со Имотен лист бр.19167 за КО Арматуш е во државна сопственост.

Катастарската парцела со катастарска култура гнз не претставува земјоделско земјиште, Согласно законот за земјоделско земјиште, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност над истата.

Со почит,

Помошник раководител на сектор
Аднан Алии

Изработил: Борче Лозановски
Контролирал: Момчило Петровски

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

Т.Д. ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9, ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26, м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

ИЗРАБОТУВАЧ: ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

ИНВЕСТИТОР: ДЕИ „ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, ул.„МАКСИМ ГОРКИ” бр.13, СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ: У-02/23

0	ТОМЕ РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0040
0	БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560
0	ЈОВАН РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0712

БИТОЛА, ЈАНУАРИ, 2024г.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ - БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1.Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје.

2.Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина (во радиус од 100м), доколку таков постои.

3.Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето на проектниот опфат, на проектни решенија и на нивното спроведување: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и друго.

4.Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на проектниот опфат.

5.Инвентаризација на: земјиштето во проектниот опфат, изграденото градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат.

6.Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменични целини, културни предели и друго.

7.Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура: сообраќајните, електричните, канализациските, водоводните, поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и други водови и објекти.

8.Други податоци од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање, релевантни за подрачјето во планскиот опфат.

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1.Услови за планирање на просторот, кои ги содржат планските одредби што се однесуваат на проектниот опфат, прецизирани на графички, текстуален и нумерички начин P=1:250000

2.Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на проектен опфат со снимка на непосредната околина на проектниот опфат P=1:1000

3.Суперпониран графички прилог P=1:1000

- карта на изграденото градежен фонд, односно вкупната физичка супраструктура во проектниот опфат;
- карта на изградената комунална инфраструктура: сообраќајните, електричните, канализациските, водоводните, поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и другите водови и објекти;
- карта на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9, ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26, м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА НА У.П. ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Вовед :

Со предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план (во понатамошниот текст У.П.), треба да овозможи и да го уреди начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите.

У.П. вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, се изработува согласно Условите за планирање, со технички број Y11723 од Март, 2023год, Решението за услови за планирање на просторот УП1-15 719/2023 од 11.04.2023год. и по основ на член 58, став (6) и член 59, став (6), алинеја 11 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23), како тип на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на земјоделско земјиште со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела(идна) оформена во урбанистички проект.

У.П. се планира врз основа на дозволените урбанистички параметри од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) за градби од група на класи на намени за земјиштето Е-инфраструктури.

Конкретната намена на земјиштето ќе биде класа на намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани.

Конкретната намена на идните градби ќе биде (473) Е1.13 фотоволтаични електрани, односно изградба на фотоволтаична електрана со моќност до 10MW.

1.ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Границата на вака предвидениот проектен опфат ја формира дел од ободната граница на К.П.бр.11/9, голем дел од ободната граница на К.П.бр.11/17 и дел од ободната граница на К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, а дел од границата соседниот проектен опфат на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y13623 од Април, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 827/2023 од 18.04.2023г., соседниот проектен опфат на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y11823 од Март, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 718/2023 од 11.04.2023г. и соседниот плански опфат на У.П.П.Г.Д.З. за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y53022 од Ноември, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 2320/2022 од 09.03.2023г.

Проектниот опфат на вака предложениот У.П. има има површина од 123.589м^2 или приближно околу 12.36ха. Предметниот проектен опфат географски припаѓа на Општина Новаци.

Геодетското одредување на подрачјето на проектниот опфат ќе биде дадено во следната табела со координати на сите негови прекршни точки:

	X	Y
1.	7542883.30	4551086.21
2.	7542872.51	4551063.12
3.	7542829.05	4550970.09
4.	7542785.59	4550877.06
5.	7542742.13	4550784.03
6.	7542741.23	4550782.10
7.	7542781.82	4550766.22
8.	7542776.82	4550755.51
9.	7542742.76	4550768.84
10.	7542736.23	4550771.40
11.	7542482.35	4550870.73
12.	7542430.96	4550898.02
13.	7542419.77	4550900.80
14.	7542440.42	4550970.37
15.	7542355.96	4550995.43
16.	7542356.45	4550997.95
17.	7542370.01	4551046.27
18.	7542390.58	4551090.44
19.	7542400.49	4551101.27
20.	7542418.34	4551095.70
21.	7542466.12	4551080.48
22.	7542490.75	4551070.53
23.	7542518.45	4551076.86
24.	7542562.76	4551098.44
25.	7542612.39	4551121.63
26.	7542646.56	4551151.96
27.	7542674.76	4551145.58
28.	7542687.63	4551150.63
29.	7542719.25	4551182.96

2.ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА (ВО РАДИУС ОД 100m), ДОКОЛКУ ТАКОВ ПОСТОИ

За конкретниот проектен опфат досега не се изработувале урбанистички планови или урбанистички проекти. Исто така во неговата непосредна близина нема изработено урбанистички планови или урбанистички проекти, кои се на сила. Во постапка на изработување во негова непосредна близина се следните урбанистички планови и проекти и тоа: У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y13623 од Април, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 827/2023 од 18.04.2023г., соседниот проектен опфат на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y11823 од Март, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15

718/2023 од 11.04.2023г. и соседниот плански опфат на У.П.П.Г.Д.З. за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y53022 од Ноември, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 2320/2022 од 09.03.2023г.

3.ПОДАТОЦИ ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

*Географски податоци-предметниот проектен опфат се наоѓа на на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, североисточно од Градот Битола, на надморска висина од околу 615 - 650м.н.в.

*Геолошки податоци-геотектонски Општина Новаци припаѓа на западно-македонската геоструктурна единица. Просторот претежно е составен од квартерни седименти во рамничарскиот дел(алувиум), палеозојски карпи со различна старост во ридско-планинското подрачје кои во западниот дел се стени главно составени од метаморфозирани варовници и мермери. Локацијата која е предмет на планирање се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиева скала на очекувани земјотреси.

Стенските маси според геолошките форми се поделени како : комплекс на палеозојски шкрилци, комплекс на мезозојски стени, комплекс на кенозојски стени.

*Геомеханички податоци-за темелење на чакално-песокливите и глиновито-песокливите слоеви кои воглавно и преовладуваат на овој терен, дозволената носивост на чакално-песокливите слоеви за длабина на темелење до 2.0м изнесува 280-300 кН/м^2. Носивоста на глиновито-песокливите слоеви за длабина на темелење до 2.0м изнесува 120-200кН/м^2. Овие дозволени носивости важат само во случаи ако нивото на подземната вода е пониско од 2.0м.

*Сеизмички податоци-според сеизмичката карта на Р.М. и соодветната секторска студија, поширокото подрачје на Градот Битола во кое спаѓа и предметната локација се наоѓаат во зона на 7-ми степен сеизмичност, според посторот е геолошки преиспониран терен за сеизмичка активност.

*Климатолошки податоци-на предметнит простор владее модифициран тип на умерено континентална клима со чисто изразени годишни времиња, а на планините се чуствува планинската клима која во зависност од надморската висина е различно изразена. Зимата е влажна и студена, а летото е топло и суво. Есента е значително потопла од пролетта. Преминот од зима кон лето е побрз околку обратно, пролетта е кратка и променлива.

Осончувањето е поволно и овој крај има доста ведри и сончеви денови како и доволен број на часови со сонце. Просечната годишна сума на сончевиот сјај изнесува 2332 часа. Просечната годишна температура изнесува 11,5 целзиусови степени. Средно годишна максимална температура е 17,4 целзиусови степени, а средно годишната минимална е 5,3 целзиусови степени.

Просечната релативна влажност на воздухот изнесува 75%.

Ветровите се главно од северен и јужен правец, а поретко од останатите правци. Северниот ветер е со најголема честина и ја снижува

температурата на воздухот. Неговата честина просечно годишно изнесува 183 промили со срена брзина од 2,2м/секунда. Дува во текот на целата година особено во Јули, Март и Февруари. Јужниот ветер се јавува со просечна честина од 131 промил и со средна годишна брзина од 3,6м/сек. Најчесто дува во Март, Април и Ноември и ја зголемува температурата на воздухот. Западниот ветер е со мала честина од 56 промили и со средна годишна брзина од 3,6м/сек. Пелагонија се одликува и со појави на локални струења кои во летните месеци делуваат освежително.

*Хидрографски податоци-непосредно околу проектниот опфат нема природни водотеци.

*Хидролошки податоци-врнежите се одраз на влијанието на медитеранската клима во ова подрачје. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски месеци се најврнежливи. Максимумот е во Ноември со 73мм, и во Декември 68мм воден талог, а минимумот во Јули 32мм и Август 34мм. Просечно годишно на ова подрачје паѓаат 610мм врнежи. Врнежите се најчесто од дожд, просечно 70-80%, а снегот е ограничен во зимските месеци. Просечно годишно има 30 денови со снежен покривач чија максимална забележана дебелина е 63цм. Мразниот период е долготраен, во просек започнува во Октомври, а завршува во Мај, но вистинскиот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период. Првиот есенски ден со мраз е 25 Октомври, а последниот пролетен ден со мраз е 8 Април.

*Природни ресурси-од природните ресурси во рамките на проектниот опфат постои само земјиштето.

*Заштитени екосистеми-на подрачјето на проектниот опфат не постојат заштитени екосистеми.

4.ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

За создадените вредности и чинители во проектниот опфат, од надлежните јавни претпријатија и други институции и субјекти добиени се следните податоци и информации:

*ЕЛС:

Во законски предвидениот рок за одговор, Општина Новаци не се произнесе на нашето барање за податоци и информации.

*Комунални претпријатија:

Во законски предвидениот рок за одговор ЈП Комунална хигиена Новаци и ЈП Водовод Новаци немаат одговорено на нашето барање за податоци и информации.

*Електрика:

Со допис Бр.10-22/4-359 од 09.08.2023 година, во согласност со податоците од службената евиденција Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, не известува дека на доставениот плански опфат постојат електроенергетски објекти и

инсталации сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и тоа 10(20)kV Надземна мрежа.

Во опфатот поминува среднонапонски надземен 10 kV далекувод, чиј заштитен појас изнесува 10 метри лево и десно од оската на водот. Овој заштитен појас се однесува на површината и просторот под, над и покрај самиот вод кој е потребен за заштита и одржување на водот и во него не е дозволено изведување на работи, односно планирање и градење без согласност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Со планската документација, се предвидува надземниот 10 kV вод да се дислоцира, односно да се каблира по траси предвидени во тротоарот на улицата.

За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Се до исполнување на условите за промена или дислокација на водот и реализација на техничкото решение, важи неговиот заштитен појас и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

Со допис Бр.11-4825/1 од 10.08.2023 година, во согласност со податоците од службената евиденција МЕПСО АД Скопје, не известува дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти сопственост на АД МЕПСО.

Со допис Бр.08-4814/3 од 15.08.2023 година, во согласност со податоците од службената евиденција АД ЕСМ Скопје, Подружница РЕК „Битола“, не известува дека не се евидентирани постоечки инсталации – инфраструктурни објекти во сопственост на АД ЕСМ – Скопје. Исто така нема податоци за планирани инсталации.

*Телефонија:

Со допис Бр.54314 од 04.08.2023 година, во согласност со податоците од службената евиденција Македонски Телеком АД Скопје, не известува дека во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

*Сообраќај:

Со допис бр.10-7385/2 од 08.08.2023 година, Јавно претпријатие за државни патишта констатира дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура со допис Бр.2001-3597/2 од 09.10.2023 година, констатира дека предметниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга и во истиот нема инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

Со допис Бр.12-8/1058 од 31.07.2023 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство утврди дека во проектниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во проектниот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на

цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

*Гасовод:

Со допис бр.15-3432/2 од 07.08.2023г. АД НОМАГАС Скопје не известува дека во близина на наведениот проектен опфат, проаѓа трасата на Магистралниот гасовод Делница 2 Неготино (Кавадарци) - Битола и истиот е во фаза на изградба. Исто така потребно е да се изработи и достави на одобрување до АД НОМАГАС Скопје, елаборат за електромагнетно влијание на ФВЦ врз Магистралниот гасовод и останатите пропратни инсталации на гасоводот. При изведување на градежни работи на место на пресекување, потребно е да бидат присутни претставници на АД НОМАГАС Скопје.

*Културно наследство:

Управата за заштита на културното наследство со допис бр.17-2509/2 од 18.08.2023г. констатира дека на подрачјето на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Сепак, доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети(целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р.Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство(Сл.в. на Р.М. бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11. 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

*Заштита и спасување:

Со допис Бр.09-268/2 од 16.08.2023 година, Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Крушево, ни доставува мерки за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци.

Откако ќе ги разработиме и вградиме мерките за заштита и спасување во Урбанистичката документација за изработка наУрбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, истата треба да ја доставиме до Дирекцијата за заштита и спасување, ПОЗС - Крушево, за да добиеме мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Министерства:

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со допис Бр.40-7351/2 од 03.08.2023 година, Секторот за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост констатира дека предметното земјиште на КП 11/9 и КП 11/17, викано место Голо Брдо, катастарска култура пасиште, катастарска класа 4 со Имотен лист бр.19171 за

КО Арматуш се во приватна сопственост. Во Г9.з Други факти има прибележување СЛУЖБЕНОСТ на дел од КП 11/9.

Предметното земјиште на КП 11/26, викано место Голо Брдо, катастарска култура гнз, катастарска класа / со Имотен лист бр.19167 за КО Арматуш е во државна сопственост. Катастарска парцела со катастарска култура гнз не претставува земјоделско земјиште, Согласно законот за земјоделско земјиште, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност над истата.

Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за вода и Сектор за природа, Министерство за внатрешни работи и Министерство за одбрана немаат одговорено во законски предвидениот рок за одговор.

5.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА : ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Земјиштето во проектниот опфат е земјоделско земјиште со површина од 123.589м^2 или приближно околу 12.36ха. Тоа се наоѓа во Општина Новаци, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, дел од К.П.бр.11/9 и дел од К.П.бр.11/17, а дел од К.П.бр.11/26 е со стасус гнз.

Во проектниот опфат нема изграден градежен фонд, односно нема изградено физичка супраструктура-градби.

6.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Во рамките на проектниот опфат не се евидентирани градби со режим на културно наследство, ниту споменични целини, културни предели и сл.

7.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ

*Сообраќај - од југоисточна страна на проектниот опфат изграден е локален јавен пат (К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која во имотен лист бр.3 е заведена како јавен пат), со земјен коловоз од кој се пристапува во истиот.

*Водовод - водоводна инсталација во проектниот опфат нема.

*Канализација - фекална канализација нема во проектниот опфат.

*Електрика - во проектниот опфат има електрична инсталација.

*Телефонија - во проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

*Гасовод - во проектниот опфат нема постојна гасоводна инфраструктура.

8.ДРУГИ ПОДАТОЦИ ОД СУБЈЕКТИТЕ ОД ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ:

Освен презентираните податоци во предходните пасуси во законски определениот рок од 15 работни дена согласно чл.47 од Законот за урбанистичко планирање други податоци и информации не се пристигнати.

СОСТАВИЛ :

Томе Ристевски, д.и.а.

0 ТОМЕ РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0040

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9, ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26, м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА:

1.Проектна програма потпишана и заверена од инвеститор и одобрена од министер на Министерство за транспорт и врски и Потврда за одобрување на Проектна програма Бр.67-650/5 од 18.07.2023 година за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци.

2.Извештај од извршена стручна ревизија.

3.Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за Ажурирана геодетска подлога, К.О.Арматуш, изработен од Трговско друштво за геодетски работи „Геопроект инженеринг“ ДООЕЛ Скопје, деловоден бр.0801-225/22 од 12.10.2022 година и Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за Ажурирана геодетска подлога, К.О.Арматуш, изработен од Трговско друштво за геодетски работи „Геопроект инженеринг“ ДООЕЛ Скопје, деловоден бр.0801-224/22 од 10.10.2022 година.

4.Решение за услови за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 719/2023 од 11.04.2023год.

5.Имотен лист (2) бр.19171 и бр.19167, К.О.Арматуш, Општина Новаци.

6.Извод од катастарски план(2) за К.П.бр.11/9 и К.П.бр.11/17, К.О.Арматуш, Општина Новаци.

7.Полномошно за изработка на У.П.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

Т.Д. ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
ЗА
ИЗРАБОТКА НА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9, ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26, м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

ИЗРАБОТУВАЧ: ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

ИНВЕСТИТОР: ДЕИ „ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, ул.„МАКСИМ ГОРКИ” бр.13, СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ: У-02/23

0	ТОМЕ РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0040	Tome Ristevski — Digitally signed by Tome Ristevski Date: 2023.07.07 02:40:17 +02'00'
0	БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560	Blagoja Ristevski — Digitally signed by Blagoja Ristevski Date: 2023.07.07 02:39:58 +02'00'
0	ЈОВАН РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0712	Jovan Ristevski — Digitally signed by Jovan Ristevski Date: 2023.07.07 02:38:12 +02'00'

БИТОЛА, ЈУЛИ, 2023г.

Digitally signed by Tome Ristevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4002006173435, 2.5.4.97=NTRMK-6126065, o=TDUPS Biro za Urbanizam DOOEL Bitola, serialNumber=172489, title=Arhitekt, sn=Ristevski, givenName=Tome, cn=Tome Ristevski
Date: 2023.07.07 02:40:33 +02'00'

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ • БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

СОДРЖИНА НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

- НАСЛОВНА СТРАНА
- СОДРЖИНА
- КОПИЈА ОД ДОКУМЕНТ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ - **ДРД ОБРАЗЕЦ**
- КОПИЈА ОД **ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
- КОПИЈА ОД ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - **БР.0092**
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДГОВОРНИ ПЛАНЕРИ
- КОПИИИ ОД ОВЛАСТУВАЊА НА ОДГОВОРНИ ПЛАНЕРИ

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА П.П.

Вовед

1.1. Опис на проектниот опфат;

1.2. Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат;

1.3. Можности за просторен развој;

1.4.Општи и посебни цели на планирање и програмски содржини во рамки на проектниот опфат;

1.5. Проектни барања за инфраструктурата;

1.6. Заклучни согледувања согласно Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 11/9, дел од КП 11/17 и дел од КП 11/26, м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци кои произлегуваат од просторниот план на Република Македонија со тех.бр.Y11723 од март, 2023г.;

1.7. Финансирање на изработката на Урбанистичкиот проект;

II. ГРАФИЧКИ ДЕЛ НА П.П.

2.1. Пошироко опкружување лист.бр.1 Р=1:10000;

2.2. Збирен графички прилог од претходно издадени Услови за планирање на просторот лист.бр.2 Р=1:5000;

2.3. Ажурирана геодетска подлога лист бр.3 Р=1:1000;

III. ПРИЛОЗИ КОН П.П.

3.1. Услови за планирање на просторот;

3.2. Решение за Услови за планирање на просторот;

Број: 0809-50/150420230003274

Датум и време: 1.6.2023 г. 11:59:48

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6126065
Назив:	Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Биро за урбанизам Томе ДООЕЛ Битола
Седиште:	ПАНДЕ НИКОЛОВ бр.9 БИТОЛА, БИТОЛА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА БИТОЛА

Број: 0805-50/150420230003273

Датум и време: 1.6.2023 г. 11:59:11

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6126065
Целосен назив:	Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Биро за урбанизам Томе ДООЕЛ Битола
Кратко име:	Биро за урбанизам
Седиште:	ПАНДЕ НИКОЛОВ бр.9 БИТОЛА, БИТОЛА
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	27.5.2002 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4002006173435
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	2.500,00
Непаричен влог EUR:	2.550,00
Уплатен дел EUR:	5.050,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.050,00

СОПСТВЕНИЦИ

ЕМБГ/ЕМБС:	2603962410069
Име и презиме/Назив:	ТОМЕ РИСТЕВСКИ
Адреса:	ПАНДЕ НИКОЛОВ бр.9 БИТОЛА, БИТОЛА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	2.500,00
Непаричен влог EUR:	2.550,00

Уплатен дел EUR:	5.050,00
Вкупен влог EUR:	5.050,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

ЕМБГ:	2603962410069
Име и презиме:	ТОМЕ РИСТЕВСКИ
Адреса:	ПАНДЕ НИКОЛОВ бр.9 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	r_jove@hotmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Биро за урбанизам Томе ДООЕЛ Битола
ПАНДЕ НИКОЛОВ бр.9 БИТОЛА, БИТОЛА
ЕМБС: 6126065

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 0092
04.12.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

Врз основа на член 67, став 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.32/20 и 111/23), а во врска со изработка и одобрување на проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, ТДУПС „Биро за урбанизам“ ДООЕЛ од Битола донесува:

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ И СОРАБОТНИЦИ ЗА СИТЕ ДЕЛОВИ ОД П.П., СО БРОЈ НА ОВЛАСТУВАЊЕ

За изработка на проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци. Инвеститор е ДЕИ „Интеренерго Македонија“ ДООЕЛ Скопје, ул.„Максим Горки” бр.13, Скопје.

- Томе Ристевски, д.и.а. со број на овластување 0.0040 - управител и овластен изработувач на урбанистички планови.
- Благоја Ристевски, м.и.а. со број на овластување 0.0560 - овластен изработувач на урбанистички планови.
- Јован Ристевски, м.и.а. со број на овластување 0.0712 - овластен изработувач на урбанистички планови.

Битола
Јули, 2023г.

УПРАВИТЕЛ :
Томе Ристевски, д.и.а.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ТОМЕ РИСТЕВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0040**

Издадено на: 27.08.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл. инж. арх.

Број: **0.0560**

Издадено на: 24.01.2022 год.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ЈОВАН РИСТЕВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: **0.0712**

Издадено на: 17.03.2023 год.

М-р Кристинка Радевски
дипл. инж. арх.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
ЗА
ИЗРАБОТКА НА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ
СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9,
ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26,
м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА П.П.

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9, ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26, м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ.

Вовед :

Оваа проектна програма треба да овозможи изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци (во понатамошниот текст У.П.) со кој ќе се уреди начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите.

У.П. вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, се изработува согласно Условите за планирање, со технички број Y11723 од март, 2023г., Решението за услови за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 719/2023 од 11.04.2023г. и по основ на член 58, став (6) и член 59, став (6), алинеја 11 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23), како тип на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на земјоделско земјиште со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела(идна) оформена во урбанистички проект.

У.П. се планира врз основа на дозволените урбанистички параметри од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) за градби од група на класи на намени Е-инфраструктура и класи на намени Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури.

Согласно новата номенклатура поединечна намена на земјиштето и градбите ќе биде Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани.

Конкретната намена на идните градби ќе биде (473) Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, односно изградба на фотоволтаична електрана со моќност до 10MW.

Проектната програма за У.П. се изработува согласно член 62, став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23) и истата е со содржина согласно член 25 став (3) и согласно член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Истата се состои од текстуален и од графички дел, со која се утврдуваат прелиминарна границата и содржината на проектниот опфат.

Согласно член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23), Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е урбанистичко-проектна документација која се изработува согласно Просторниот план на Република Македонија и служи за негово спроведување и разработка, а се донесува за поединечни градби, комплекси на градби и инфраструктури од државно

и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови и тоа на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање.

Изработката на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е во согласност со член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и се донесува за поединечни градби, комплекси на градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови и тоа на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање, односно за енергетски градби - површински соларни и фотоволтаични електрани со инсталирана моќност до 10 мега вати.

Конкретната намена на земјиштето ќе биде класа на намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани.

Конкретната намена на идните градби ќе биде (473) Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани, односно изградба на фотоволтаична електрана со моќност до 10 MW.

1.1. Опис на проектниот опфат:

Просторот кој е предмет на изработка на У.П. се наоѓа на територијата на Општина Новаци, во К.О.Арматуш. Предметниот проектен опфат не бил во опфат на урбанистички план или општ акт. Границата на вака предвидениот проектен опфат ја формира дел од ободната граница на К.П.бр.11/9, голем дел од ободната граница на К.П.бр.11/17 и дел од ободната граница на К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, а дел од границата соседниот проектен опфат на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y13623 од Април, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 827/2023 од 18.04.2023г., соседниот проектен опфат на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y11823 од Март, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 718/2023 од 11.04.2023г. и соседниот плански опфат на У.П.П.Г.Д.З. за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y53022 од Ноември, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 2320/2022 од 09.03.2023г.

Проектниот опфат на вака предложениот У.П. има има површина од 123.589м^2 или приближно околу 12.36ха.

До проектниот опфат на предложениот У.П. се пристапува преку некатегоризиран пристапен пат, односно од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која во имотен лист бр.3 е заведена како јавен пат. Од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, се влегува директно во К.П.бр.11/9, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која катастарска парцела исто така во целост е сопственост на инвеститор ДЕИ „Интеренерго Македонија“ ДООЕЛ Скопје, ул.„Максим Горки“ бр.13, Скопје. Низ К.П.бр.11/9, К.О.Арматуш, Општина Новаци се доаѓа до проектниот опфат на овој Урбанистички проект.

Геодетското одредување на подрачјето на проектниот опфат ќе биде дадено во следнта табела со координати на сите негови прекршни точки:

	X	Y
1.	7542883.30	4551086.21
2.	7542872.51	4551063.12
3.	7542829.05	4550970.09
4.	7542785.59	4550877.06
5.	7542742.13	4550784.03
6.	7542741.23	4550782.10
7.	7542781.82	4550766.22
8.	7542776.82	4550755.51
9.	7542742.76	4550768.84
10.	7542736.23	4550771.40
11.	7542482.35	4550870.73
12.	7542430.96	4550898.02
13.	7542419.77	4550900.80
14.	7542440.42	4550970.37
15.	7542355.96	4550995.43
16.	7542356.45	4550997.95
17.	7542370.01	4551046.27
18.	7542390.58	4551090.44
19.	7542400.49	4551101.27
20.	7542418.34	4551095.70
21.	7542466.12	4551080.48
22.	7542490.75	4551070.53
23.	7542518.45	4551076.86
24.	7542562.76	4551098.44
25.	7542612.39	4551121.63
26.	7542646.56	4551151.96
27.	7542674.76	4551145.58
28.	7542687.63	4551150.63
29.	7542719.25	4551182.96

1.2. Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат:

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Р.М. подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативните промени во просторната, економската и социјалната структура.

Една од основните цели на просторниот план се однесува на штедење, рационално користење, заштита на природните ресурси и искористување на погодностите за производство.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеење, посебно тежиште се дава на унапредувањето и заштита на животната средина. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда нанеобновливи извори што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Основна цел на урбанистичкиот проект е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повиско ниво. Цел на изработувањето на документацијата е формирање на градежна парцела за поставување на фотоволтаична електрана со моќност до 10 MW, во К.О.Арматуш, Општина Новаци, согласно тоа, а и согласно опкружувањето (обезбеден пристап од некатегоризиран пристапен пат, односно од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која во имотен лист бр.3 е заведена како јавен пат), изработката на овој урбанистички проект е во согласност со насоките и барањата на инвеститорот, е во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23) како и во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Согласно се неведено, изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е оправдана и е поадекватна од изработката на урбанистички план, бидејќи насоките и идејата е да се формира една градежна парцела, со детални услови за градба.

Пристап до планскиот опфат е преку постоечки некатегоризиран пат, односно од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која во имотен лист бр.3 е заведена како јавен пат. Од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, се влегува директно во К.П.бр.11/9, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која катастарска парцела исто така во целост е сопственост на инвеститор ДЕИ „Интеренерго Македонија“ ДООЕЛ Скопје, ул.„Максим Горки” бр.13, Скопје. Низ К.П.бр.11/9, К.О.Арматуш, Општина Новаци се доаѓа до проектниот опфат на овој Урбанистички проект.

Проектниот опфат претставува земјоделско земјиште кое е во приватна сопственост.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план треба да биде изработен во согласност со:

Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Условите за планирање на просторот и Решението за услови за планирање на просторот.

Процентот на изграденост ќе биде утврден во фаза на изработка на У.П. вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, согласно законската регулатива особено имајќи го во предвид Законот за урбано зеленило (Сл.в. на Р.М.бр.11/18).

Со У.П. се предвидуваат и соодветни комплементарни намени на градежната парцела за градби кои ја дополнуваат и служат исклучиво за

функционирање на основната намена утврдена со У.П. и истите ќе се утврдат подетално во самиот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план во деталните услови за градба треба да ги потврди и надгради вредностите во смисла на постојна урбана матрица и морфологија на терен. Планирањето на нови површини за градба, висините на градбата и процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на просторот околу градбите, одредување на потребен број на паркинг места, како и други урбанистички параметри да бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Во текот на постапката да се почитуваат сите податоци, информации и мислења од сите надлежни институции.

Сите постојни надземни и подземни градби или инфраструктурни инсталации во границите на проектниот опфат да се евидентирааат на Ажурираната геодетска подлога во документациона основа на У.П.

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план задолжително треба да биде извршена Стручна ревизија, согласно член 62, став (5) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23).

При изработката на Идејниот и Основниот проект за фотоволтаична електрана, да се примени член 20, став 3 од Законот за урбано зеленило (Сл.в. на Р.М.бр.11/18) и член 172, став 4 и 5 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Паркирањето да се реши во границите на градежните парцели согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21 и 104/22). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градење.

1.3. Можности за просторен развој:

Можностите за просторен развој во проектниот опфатот се движат во рамки на создадавање на подобри услови и примена на посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот со примена на мерки со кои ќе се задоволат посебните интереси на просторниот развој. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за производство на електрична енергија од обновливи извори претставува развоен документ со цел:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на земјиштето,
- одржлив просторен развој обезбеден со разумно користење на просторот и заштита на природата, природните добра и животната средина,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,

- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена за утврдување на параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко проектна документација, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.32/20 и 111/23) и пропишување на општите и посебните услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

Економски основи на просторниот развој, Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз и на градбата за производство на електрична енергија од обновливи извори (фотоволтаична електрана) со капацитет до 10MW во К.О.Арматуш, Општина Новаци, истата ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за

спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија:

- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци во рамките на планскиот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.
- Со поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на поставување на планираните содржини. Влијанијата што ќе се јават во фаза на поставување (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот дека површинските соларни и фотоволтаични електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Мерки за заштита од влијанија врз животната средина се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Поради потребата од зголемена површина на земјиште за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојни и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

- Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со намена површински соларни и фотоволтаични електрани не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- На просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Арматуш нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива..
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на поставување, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 11/9, дел од КП 11/17 и дел од КП 11/26, м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е до 10MW.

Површината на планскиот опфат изнесува 12,36ha. Низ предметниот опфат поминува траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод за делница 2: Кавадарци – Прилеп – Битола, со тех.бр.Y20711.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**

Заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување

на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Поставувањето на површинските соларни и фотоволтаични електрани каде ќе се користи сончевата енергија како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага водостопанското подрачје „Пелагонија“ ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на ресурсите.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата наменета за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови.**
- Поставувањето на **површински соларни и фотоволтаични електрани** од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.
- **Трасата на гасовод од делница-2 поминува низ локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, заради што при натамошна изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува “Правилник за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт” како и другите позитивни закони и правилници кои ги обработуваат безбедноста при транспорт со гасоводи.**

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

- **Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- **Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.**
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

  А3 - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште).

- **Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:**

  Р1311 - (Битола-врска со Р1101 -Новаци-Маково-Чаниште-Расимбегов Мост-врска со Р1107) и делница (Рапеш-Старавина-врска со Р2338).

  Р2340 - (врска со Р1101 – Добрушево - Новаци – Бач - врска со Р2238).

- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на поставувањето и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2], на подрачјето на катастарската општина Арматуш нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која се наменети Условите за планирање, **припаѓа на Пелагониски туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 25 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в.„Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, се наоѓа во простори погодни за слободни територии.**Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Арматуш, Општина Новаци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ЛЕГЕНДА:

11/17 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА У.П. (123.589м^2)

- ПОСТОЕН 10(20)kV НАДЗЕМЕН ВОД СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА 10(20)kV НАДЗЕМЕН ВОД СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ - 2x10м ИЛИ ВКУПНО 20м

SVG SVG - МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД ДЕЛНИЦА 2: КАВАДАРЦИ-ПРИЛЕП-БИТОЛА

- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД ДЕЛНИЦА 2 2x30м ИЛИ ВКУПНО 60м

- НЕКАТЕГОРИЗИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ - К.П.бр.145, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

- ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ

143 240.04 - ВИСИНСКИ КОТИ - АПСОЛУТНИ НАДМОРСКИ ВИСИНИ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
за
изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА :
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ПОСТОЈНА 10(20)kV НАДЗЕМНА МРЕЖА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ

ПОСТОЈНА 10(20)kV НАДЗЕМНА МРЕЖА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ

8

9

11/17

11/26

94

95

11/40

Легенда:
- катастарски парцели
- објекти
- 654 изохипси
- граница на плански опфат
- 11/9 број на катастарска парцела
- 1 број на објект
- 675.57 коти на терен
- 50 број на точка
- 20м од опфат
- дрвена бандера телефонска
- бетонски далек. в.н 2 система
- вода

P = 1 : 1000



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ период (1949 - 1975)

БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

2.

Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Томе
„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“
ул.„Панде Николов“ бр.9, 7000 Битола, Република Македонија

Технички број: **У-02/23**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци

НАРАЧАТЕЛ:	ФАЗА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	
ДЕИ „Интеренерго Македонија“ ДООЕЛ Скопје, ул.„Максим Горки“ бр.13, Скопје	Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на проектниот опфат P=1:1000	
	Планер: Томе Ристевски д.и.а. бр. на овластување 0.0040	
	Планер: Благоја Ристевски д.и.а. бр. на овластување 0.0560	
	Планер: Јован Ристевски м.и.а. бр. на овластување 0.0712	
	Контролор: Томе Ристевски д.и.а.	Одговорен проектант: Томе Ристевски д.и.а.
e-mail: bubtome@gmail.com	ДАТА : 01/2024г.	ЛИСТ бр.2



ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ за ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ (постојна состојба)								
Број на катастарска парцела	Површина на проектен опфат	Површина под габарити			М.Д.В. до к.в. етажи	НАМЕНА на постојните објекти	Вкупно развиена површина	ПАРКИРАЊЕ	
		M^2	П.И. %	К.И.				број	начин
11/17	123.589 $м^2$	0.00 $м^2$	0%	0.00	---	---	0.00 $м^2$	---

НАПОМЕНА : Во проектниот опфат нема изграден градежен фонд, исто така нема градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменични целини, културни предели и друго.

ЛЕГЕНДА:

- 11/17 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА У.П. (123.589$м^2$)
- ПОСТОЕН 10(20)kV НАДЗЕМЕН ВОД СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ
- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА 10(20)kV НАДЗЕМЕН ВОД СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ - 2x10м ИЛИ ВКУПНО 20м
- ЕVS ЕVS - МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД ДЕЛНИЦА 2: КАВАДАРЦИ-ПРИЛЕП-БИТОЛА
- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД ДЕЛНИЦА 2 2x30м ИЛИ ВКУПНО 60м
- НЕКАТЕГОРИЗИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ - К.П.бр.145, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ
- +127.7 / 10 - ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ
- 143 / 240.04 - ВИСИНСКИ КОТИ - АПСОЛУТНИ НАДМОРСКИ ВИСИНИ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
за
изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - СУПЕРПОНИРАН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ :
- КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД
- КАРТА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- КАРТА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

3.

P = 1 : 1000



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ
период (1949 - 1975)

Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Томе
„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“
ул.„Панде Николов“ бр.9, 7000 Битола, Република Македонија

Технички број: **У-02/23**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани
со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26,
м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци

НАРАЧАТЕЛ:	ФАЗА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	
ДЕИ „Интеренерго Македонија“ ДООЕЛ Скопје, ул.„Максим Горки“ бр.13, Скопје	Карта на изграденот градежен фонд	
	Карта на изградената комунална инфраструктура	
	Карта на градби со режим на заштита на културното наследство, постојни споменични целини, културни предели и друго P=1:1000	
	Планер: Томе Ристевски д.и.а бр. на овластување 0.0040	
	Планер: Благој Ристевски д.и.а бр. на овластување 0.0560	
	Планер: Јован Ристевски м.и.а бр. на овластување 0.0712	
	Контролор: Томе Ристевски д.и.а.	Одговорен проектант: Томе Ристевски д.и.а.
e-mail: bubtome@gmail.com	ДАТА : 01/2024г.	ЛИСТ бр.3

„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

Т.Д. ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ

ПЛАНСКИ ДЕЛ
НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9, ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26, м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

ИЗРАБОТУВАЧ: ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

ИНВЕСТИТОР: ДЕИ „ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, ул.„МАКСИМ ГОРКИ” бр.13, СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ: У-02/23

0	ТОМЕ РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0040
0	БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560
0	ЈОВАН РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0712

БИТОЛА, ЈАНУАРИ, 2024г.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ - БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

II. ПЛАНСКИ ДЕЛ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Проектна програма

2.Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат.

3.Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение:

- дејности и активности
- внатрешни сообраќајници
- партерно решение со хортикултура
- водови и инсталации на инфраструктурите

4.Детални услови за проектирање и градење

5.Мерки за:

- заштита на животната средина
- заштита и спасување
- обезбедување на пристапност за лица со инвалидност
- заштита на природното и културното наследство, и
- други мерки согласно мислења од надлежни субјекти

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

4.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-површини за градење;

-табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат (постојна состојба) и

-табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат (планирана состојба).

5.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-внатрешен и стационарен сообраќај и

-нивелманско решение

6.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-партерно уредување со хортикултура

7.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура

III. ИДЕЕН ПРОЕКТ

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТРАНИ ЛИЦА „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ БИТОЛА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 10MW НА ДЕЛ ОД К.П.бр.11/9, ДЕЛ ОД К.П.бр.11/17 И ДЕЛ ОД К.П.бр.11/26, м.в.„ГОЛЕМО БРДО“, К.О.АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ПЛАНСКИ ДЕЛ НА У.П. ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Вовед:

Врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23) се изработува овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се планира врз основа на дозволените урбанистички параметри од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/23 и 99/23) за градби од група на класи на намени за земјиштето Е-инфраструктури.

Конкретната намена на земјиштето ќе биде класа на намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани.

Конкретната намена на идните градби ќе биде (473) Е1.13 фотоволтаични електрани, односно изградба на фотоволтаична електрана со моќност до 10MW.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план има содржина согласно член 60 и член 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20, 219/21, 104/23 и 99/23).

Во рамките на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, катастарските парцели кои се предмет на разработка/изработка, при теренската анкета на постојната состојба констатирани се следните содржини:

- неизградено земјиште, односно во проектниот опфат нема изградено објекти;

- до проектниот опфат на предложениот У.П. се пристапува преку некатегоризиран пристапен пат, односно од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која во имотен лист бр.3 е заведена како јавен пат. Од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, се влегува директно во К.П.бр.11/9, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која катастарска парцела во целост е во сопственост на инвеститор ДЕИ „Интеренерго Македонија“ ДООЕЛ Скопје, ул.„Максим Горки” бр.13, Скопје. Со „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци“ за кој се издадени Услови за планирање на просторот со технички број Y02823 од Февруари, 2023год. издадени од Агенција за планирање на просторот со решение за Услови за планирање на просторот со број УП1-15 431/2023 од 12.04.2023год. и со соседниот „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци“ за кој се издадени Услови за планирање на просторот со технички број Y13623 од Април, 2023год. издадени од Агенција за планирање на просторот со решение за Услови за планирање на просторот со број УП1-15 827/2023 од 18.04.2023год.се планира

интерна улица, ул.„У1“, преку која се пристапува и до предметниот проектен опфат кој се разработува со овој урбанистички проект.

- комунална инфраструктура, односно од инсталации кои поминуваат низ проектниот опфат имаме пресек само со ЕЕ објекти и тоа 10(20)kV Надземна мрежа сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

У.П. вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, се изработува согласно Услови за планирање на просторот со технички број Y11723 од Март, 2023г., решение за Услови за планирање на просторот со број УП1-15 719/2023 од 11.04.2023г. и по основ на член 58, став (6) и член 59, став (6), алинеја 11 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23), како тип на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на земјоделско земјиште со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела(идна) оформена во урбанистички проект.

3.1 Опис на дејностите или активностите кои ќе се одвиваат во градбите во проектниот опфат:

Во рамките на проектниот опфат (идната градежна парцела), дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, ќе се одвива дејност од основната класа на намени Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани.

Површината на проектниот опфат изнесува 123.589м^2 или приближно околу 12.36ха.

Проектниот опфат на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW на дел од К.П.бр.11/9, дел од К.П.бр.11/17 и дел од К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, е дефиниран и има површина од 123.589м^2 или приближно околу 12.36ха. Границата на вака предвидениот проектен опфат ја формира дел од ободната граница на К.П.бр.11/9, голем дел од ободната граница на К.П.бр.11/17 и дел од ободната граница на К.П.бр.11/26, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, Општина Новаци, а дел од границата соседниот проектен опфат на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y13623 од Април, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 827/2023 од 18.04.2023г., соседниот проектен опфат на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y11823 од Март, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 718/2023 од 11.04.2023г. и соседниот плански опфат на У.П.П.Г.Д.З. за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y53022 од Ноември, 2023г., издадени со решение бр.УП1-15 2320/2022 од 09.03.2023г.

Во идната градежната парцела се предвидуваат 7(седум) површини за градење, од кои 3(пет) се за изградба на Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (површини за градба нумерирана со број 1, 2 и 3), а останатите 4(четири) се за изградба на Е1.8-Трансформаторски станици (површини за градба нумерирана со број 4, 5, 6 и 7).

3.2. Внатрешни сообраќајници:

Во проектниот опфат се предвидува една внатрешна сообраќајница од која се пристапува до идната градежна парцела и до соседните проектни опфати на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со технички број Y02823 од Февруари, 2023год. издадени со решение за Услови за планирање на просторот со број УП1-15 431/2023 од 12.04.2023год., У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Условите за планирање на просторот со технички број Y13623 од Април, 2023год., издадени со решението за услови за планирање на просторот со УП1-15 827/2023 од 18.04.2023год. и до У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Условите за планирање на просторот со технички број Y11823 од Март, 2023год., издадени со решението за услови за планирање на просторот со УП1-15 718/2023 од 11.04.2023год. Во рамки на градежната парцела се предвидуваат пристапни патеки (тампонирани патеки) до планираните површини за градба за движење на моторните возила околу групите на фотоволтаични панели. Тие се предвидени заради полесен транспорт на постројките во текот на монтажата. Земјиштето низ кое ќе поминува внатрешната сообраќајница е сопственост на инвеститорот на овој урбанистички проект. Главниот влез во конкретниот проектен опфат ќе биде од југозапад, од постојниот јавен пат, од К.П.бр.145, К.О.Арматуш, Општина Новаци, која во имотен лист бр.3 е заведена како јавен пат, односно од планираната интерна улица, ул.„У1“, преку која се пристапува и до предметниот проектен опфат кој се разработува со овој урбанистички проект.

3.3 Начин на обезбедување на потребен број на паркинг места:

Паркирањето да се реши во границите на градежната парцела согласно член 129, 130, 131 и 132 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20, 219/21, 104/23 и 99/23), во текот на процесот на целосно проектирање, односно при изработката на Основниот проект и неговите фази. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена височина и површината за градење. При планирањето на сообраќајниот систем, потребно е да се обезбеди заштитен коридор и пристап до објектите за противпожарни возила, согласно прописите за ППЗ кои се на сила. Согласно технолошкиот процес карактеристичен за оваа површина за градење која функционира без вработени, потребата од паркирање нема, така што не се предвидуваат паркинг места во оваа градежна парцела со конкретната намена на идните градби која ќе биде (473) Е1.13 фотоволтаични електрани, односно изградба на фотоволтаична електрана со моќност до 10MW.

3.4 Партерно решение со хортикултура:

Површините наменети за внатрешен динамичен сообраќај, внатрешната сообраќајница од која се пристапува до идната градежна парцела и до соседните проектни опфати на У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Услови за планирање на просторот со технички број Y02823 од Февруари, 2023год. издадени со решение за Услови за планирање на просторот со број УП1-15 431/2023 од 12.04.2023год., У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Условите за планирање на просторот со технички број Y13623 од Април, 2023год., издадени со решението за услови за планирање на просторот со УП1-15 827/2023 од 18.04.2023год. и до У.П. вон опфат на урбанистички план за кој се издадени Условите за планирање на просторот со технички број Y11823 од Март, 2023год., издадени со решението за услови за планирање на просторот со УП1-15 718/2023 од 11.04.2023год. се предвидува да биде асфалтирана, а пристапните патеки во рамки на градежната парцела за движење на моторните возила околу групите на фотоволтаични панели се предвидува да бидат тампонирани.

При изработката на основниот проект, да се примени член 20, став (3) од Законот за урбано зеленило (Сл.в. на Р.М. бр.11/18), и член 172, ставови (4) и (5) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20, 219/21, 104/23 и 99/23). Површините наменети за озеленување, а тоа се сите површини во градежната парцела кои не се зафатени со површините за градење, пристапните патеките и внатрешните сообраќајници како и површините меѓу редовите со фотоволтаични панели се предвидува да бидат уредени со трева и ниско украсно зеленило.

3.5 Водови и инсталации на инфраструктурите:

Површините за градење (фотоволтаичната централа и трансформаторските станица) во Г.П.бр.1.1, ќе биде поврзана на веќе изградената електрична мрежа по насоки и согласност на АД МЕПСО Скопје, согласно тоа во рамки на идната градежна парцела ќе се предвидат електрични инсталации.

Во опфатот поминува среднонапонски надземен 10 kV далекувод, чиј заштитен појас изнесува 10 метри лево и десно од оската на водот. Овој заштитен појас се однесува на површината и просторот под, над и покрај самиот вод кој е потребен за заштита и одржување на водот и во него не е дозволено изведување на работи, односно планирање и градење без согласност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Со планската документација, се предвидува надземниот 10 kV вод да се дислоцира, односно да се каблира по траси предвидени во тротоарот на улицата.

За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Се до исполнување на условите за промена или дислокација на водот и реализација на техничкото решение, важи неговиот заштитен појас и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

